„Должината на облеката (изарот) кај муслиманот треба да биде до средината на потколеницата. Нема грев ако е помеѓу тоа и глуждовите, но она што е под глуждовите – е во Оганот. А оној што ја влече (спушта) својата облека од гордост – Аллах нема ни да го погледне.“

Ебу Сеид ел-Худри, Аллах нека е задоволен со него, пренесува дека Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Должината на облеката (изарот) кај муслиманот треба да биде до средината на потколеницата. Нема грев ако е помеѓу тоа и глуждовите, но она што е под глуждовите – е во Оганот. А оној што ја влече (спушта) својата облека од гордост – Аллах нема ни да го погледне.“

[صحيح] [رواه أبو داود وابن ماجه وأحمد]

Веровесникот, салаллаху алејхи ве селем, појаснил дека облеката (изарот) на муслиманот – односно она што го покрива долниот дел од телото кај мажите – може да има три состојби: 1. Препорачлива должина: е да биде до средината на подколеницата. 2. Дозволена должина (без прекор): да се спушта подолу од тоа, сè до глуждовите – а глуждовите се двете испакнатини на зглобот меѓу потколеницата и стапалото. 3. Забранета должина: да биде под глуждовите – во тој случај постои страв од казна со Огнот. А ако тоа го прави од горделивост, вообразеност или самобендисаност, тогаш Аллах нема ни да го погледне.

http://sunnah.global/hadeeth/mk/show/4964